**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2022 година**

**Член 1**

Износот на дивиденда, согласно Предлог-одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2022 година, донесена од Надзорниот одбор на Банката на 22.02.2023 година, изнесува:

- за 1 обична акција бруто-износ од 500,00 денари, односно 50,0 % во однос на номиналната вредност од 1.000,00 денари.

За предложениот износ на дивидендата за 2022 година, акционерите ќе се известат преку Повикот за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

**Член 2**

Собранието на акционерите на Комерцијална банка АД Скопје ќе се одржи на 29.03.2023 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2022 година, е 18.04.2023 година.

**Член 3**

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 12.04.2023 година.

**Член 4**

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 13.04.2023 година.

**Член 5**

Исплатата на дивиденда за 2022 година ќе започне на 04.05.2023 година.

**Член 6**

Дивидендата за 2022 година ќе се исплатува во готово.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ СО СОБРАНИЕТО**

______________________________

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**кон Предлог-одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2022 година**

Согласно член 490 од Законот за трговски друштва, Собранието на Банката го определува износот на дивиденда, датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда, како и планот за исплата на дивиденда и денот на којшто се исплаќа дивидендата. Комерцијална банка АД Скопје, како друштво чии акции котираат на официјалниот пазар на Македонската берза, во своето работење се придржува на принципите на јавност и транспарентост.
Заради навремено и точно информирање на акционерите и на јавноста, согласно Правилникот за котација на хартии од вредност на Македонската берза на хартии од вредност, котираните друштва се должни однапред да го соопштат предлогот за висината на дивидендата, а веднаш по одржувањето на Собранието на акционери да го објават дивидендниот календар при исплата на дивиденда на сопствениците на акциите на акционерското друштво. Динамиката на активностите поврзани со исплатата на дивидендата се определува во согласност со датумот на одржување на редовното годишно Собрание на акционерите на Банката.

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда, односно датумот на стекнување на правото за дивиденда, е датум кога се врши пресек на сопствениците на акциите според акционерската книга за да се утврди кој акционер има право на дивиденда. Согласно Правилникот за котација на хартии од вредност, овој датум треба да биде најмалку 14 дена по завршување на седницата на Собранието на акционерите на друштвото на која, покрај другото, се донесува Одлука за распределба на добивката остварена во претходната година. Се смета дека овој временски период ќе биде доволен акционерите и инвеститорите да ги апсорбираат информациите од одлуките усвоени од Собранието и да креираат соодветна ликвидност со акциите согласно новите информации.

Се предлага дивидендата за 2022 година да им биде исплатена на акционерите на Банката кои се регистрирани во акционерската книга на Банката на 18.04.2023 година.

Последен ден на тргување со акциите со право на дивиденда за 2022 година согласно предложената одлука е 12.04.2023 година, чие порамнување и регистрирање во акционерската книга според правилата на Македонската берза ќе се случи два работни дена од денот на извршеното тргување, односно на датумот на стекнување право на дивиденда за 2022 година, 18.04.2023 година. Тоа значи дека прв ден на тргување со акциите без право на дивиденда за 2022 година ќе биде 13.04.2023 година, чие порамнување ќе се случи по датумот на стекнување право на дивиденда за 2022 година.

Исплатата на дивидендата за 2022 година се предлага да започне од 04.05.2023 година.

За утврдениот дивиденден календар при исплата на дивиденда за 2022 година акционерите ќе бидат информирани преку известување во дневниот печат и на веб-страницата на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност и на Банката.

**НАДЗОРЕН ОДБОР НА БАНКАТА**